27. 12. 2005

# Ни треба вистински социјален дијалог



Повод да го напишам овој текст е деветгодишнината од институционализирањето на Економско-социјалниот совет во РМ. На 30.12.1996 година со Спогодба помеѓу трите социјални партнери (Владата на РМ, ССМ и Стопанската комора) се формира ЕСС, како највисока институционална форма на трипартитниот социјален дијалог. Со новиот Закон за работни односи (Сл. весник бр. 62/05) ЕСС стана законска категорија, што беше дамнешна заложба на ССМ.

Ако направиме една кратка ретроспектива на речиси едно деценискoто постоење на овој совет, тогаш може да се констатира дека ова трипартитно тело не ги исполни докрај очекувањата. Зошто? Има повеќе причини зошто трипартитниот социјален дијалог не заживеа од сите негови аспекти.

Значењето на трипартизмот како форма на социјален дијалог е основана претпоставка за одбегнување на социјалните конфликти и јакнењето на заедничката доверба. Затоа, дијалог на трипартитно ниво е основен услов за стабилен мир и хармонија во една држава. За да се постигне квалитетен социјален дијалог и повисок степен на меѓусебна доверба на социјалните партнери потребно е меѓу нив да постои постојана комуникација преку која меѓусебно ќе се информираат за заедничките проблеми. Само така ќе вршат заедничка консултација како да се решат економско-социјалните проблеми, а за одредени прашања и да преговараат. Не случајно се вели дека добриот и чест социјален дијалог, базиран на аргументи, а не на институционална моќ се услов за социјален мир во една држава.

Колку многу му се посветува внимание на социјален дијалог во некои држави преку трипартитните тела е премиерот со Франција, каде тие функционираат како трето уставно собрание, односно трет асамблејски дом. Неговите Препораки, Студии, Извештаи, Анализи, Предлози и Иницијативи се наменети за највисоките државни органи и тоа: Претседателот на републиката, Владата на Франција и Асамблеата.

Исто така, многу позитивен пример во последните една и пол деценија за функционирање на социјален дијалог преку трипартизмот е Р. Ирска. таму социјален дијалог се одвива преку трипартитни тела кои се формираат со спогодба меѓу социјалните партнери, а не со Закон. Социјалниот дијалог во оваа држава егзистира на повеќе нивоа и тоа: државно, регионално, општинско и на ниво на работодавец.

Денес, во повеќе држави во Европа се зборува и практицира т.н. Трипартитен плус социјален дијалог , каде покрај веќе традиционалните социјални партнери се повеќе во рамките на трипартитниот дијалог за определени прашања се вклучуваат специфични организации, (организации на млади, инвалиди, жени и др.). Кај нас се добива впечаток дека се води социјален монолог.

За да се подобри социјалниот дијалог во РМ во иднина сметам дека е потребно да се шири мрежата на трипартитните институции на социјален дијалог, а особено на пониско ниво (општинско), дотолку повеќе што со децентрализацијата на власта и зголемувањето на ингеренциите на локалните самоуправа, трипартитниот социјален дијалог треба да се спушти на пониско ниво. За да се постигне тоа потребно е на ниво на општина да се формираат трипартитни тела (ЕСС) низ кои ќе се одвива социјалниот дијалог, а во локалните Агенции за вработување да се формираат трипартитни тела за прашања поврзани со проекти за вработувањето.

Сосема за крај, ќе си земам за слободно да предложам наредната 2006 година трите социјални партнери, да ја прогласат за година на социјалниот дијалог. Притоа не смее тоа да заврши само на некакви соцреалистички форми на активности, туку навистина преку разни форми да добиеме квалитетен дијалог и резултати кои ќе се имплементираат во стварноста. Патем тоа е наша обврска до ЕУ каде што токму идната година ќе се работи на нова социјална политика.

АНДОН МАЈХОШЕВ, ШТИП